РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
Сектор за логистика
Бр. 18-147/5 20 год.
31-12-2018
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000; 44/2002; 82/2008; 167/2010 и 51/2011), Министерката за одбрана донесе,

# УПАТСТВО

## за изменување и дополнување на Упатството за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Министерството за одбрана

## (интерни процедури)

1. Во Упатството за начинот на спроведување на постапките за јавни набавки во Министерството за одбрана (интерни процедури) бр. 01-147/1 од 08.02.2018 и бр.18-147/3 од 03.04.2018година, **во точка 13.5** после текстот „ Договорот за јавна набавка го потпишува лицето кое ја потпишало одлуката за јавна набавка и одлуката за избор." се додава следниот текст „Поединечните договори доделени врз основа на рамковна спогодба склучена со еден економски оператор, со вредност до 5.000 евра без пресметан ДДВ ги потпишува раководителот на Секторот за логистика, а со вредност над 5.000 евра без пресметан ДДВ ги потпишува Државниот секретар."
2. Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.
3. Упатството ќе се објави на ВЕБ страницата на Министерството за одбрана.

Изготвил: Бранкица Гацова
Согласен: Спасоја Дамјаноски
Одобрил: Драган Николиќ

**Број __________**

**од__________2018 год**

**Скопје**

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**

**Радмила Шекеринска Јанковска**